Влада на Република Северна Македонија

ЗАПИСНИК

од Сто и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 август 2021 година

Скопје, август 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 24 август 2021 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Лила Пејчиновска - Миладиновска секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација .

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Јетон Акику, директор на Агенцијата за електронски комуникации.

Од седницата отсуствуваше м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

1. Записник од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 23 август 2021 година, со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена

2. Информација со предлог-одлуки за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Прошетка на посетители во Националниот парк Галичица, со превозно средство – чамец - без мотор во Св.Наум

3. Информација со предлог-одлуки за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Националниот парк Галичица, прошетка на посетители со превозни средства АТВ-четириколки

4. Информација со Предлог-одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица, угостителска дејност на сплавови во Извориште кај Св.Наум

5. Барање за обезбедување на службени возила за потребите на Регулаторната комисија за домување

6. Барање за обезбедување на службени деловни простории на Регулаторната комисија за домување

7. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општински противпожарен сојуз – Берово (опрема)

8. Информација за реконструкција на Силоси за жито Прилеп

9. Годишна сметка, финансиски извештаи и Извештај за работењето за 2020 година на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, во државна сопственост, со Извештај од независниот ревизор и предлог-одлуки

10. Информација со предлог-барање за задолжување на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, Министерството за одбрана и Министерството за транспорт и врски за доставување на предлог до NATO алијансата каде Давателот на воздухопловни навигациони услуги „М-НАВ” А.Д.-Скопје да биде потенцијален кандидат за преземање на горниот воздушен простор на Косово со цел за давање на воздухопловни навигациони услуги, почнувајќи од 2024 година

11. Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другиот сосопственик на деловниот простор

12. Информација за кредитни барања кои ги исполнуваат и кои не ги исполнуваат критериумите за кредитирање по јавниот повик бр.1 за кредитна поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми

13. Одлука за утврдување на висината на трошоците за акредитација и надоместоците за работа на надворешните оценувачи, со Предлог-одлука

14. Информација за потребата од обезбедување на финансиски средства за експропријација на недвижен имот во границите на споменикот Аквадукт во Скопје

15. Деловен и финансиски извештај за 2019 година на Здружението фонд за подобра иднина на Пласница Преглово-Пласница со статус на организација од јавен интерес Предлагач: Здружение – Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово - Пласница

16. Статут на Јавната установа Национален парк Шар Планина, со Предлог-одлука

17. Информација за ставање на вино во промет и извоз, произведено од винско грозје од берба 2020 година

18. Информација за пристапување на Република Северна Македонија на Меморандумот за разбирање за олеснување на патниот транспорт на стоки во регионот на Организацијата за црноморска економска соработка, со Предлог-одлука

19. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Думановце“, Општина Липково, со Предлог-решение

20. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Парклејксајд – Охрид

21. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Голден Вју - Охрид

22. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ема - Тетово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

23. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел-Куќа на уметноста, Кичево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

24. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Македонија, Стар Дојран, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

25. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Квинс - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

26. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ројал Л – Царев Двор – Ресен, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

27. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Премиер –Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

28. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Турист – Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

29. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Вила Парк - Струмица, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

30. Информација за статусот на мерење на индексот на дигитална економија и општество (digital economy and society index (DESI) во Република Северна Македонија

31. Информација за придобивките од членство на Република Северна Македонија во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation - BSEC)

32. Информација за потпишување на Протоколот 16 на Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи

33. Информација за потпишување на конвенцијата на Совет на Европа за фалсификување на медицински производи и слични кривични дела што претставуваат закана за јавното здравје

34. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

35. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Природно – математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје

36. Информација со Извештај за релизирани активности за 2020 година во Национална стратегија за развој на концептот за „Едно општество за сите и интеркултурализам“ и Акциски план за спроведување за 2021-2022 година

37. Предлог-одлука за давање одобрение за основање на приватна установа Студентски дом на УЈИЕ во Тетово

38. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот на КП бр.907 дел 1 со Имотен лист бр.486 за КО Визбегово

39. Понуда од нотар Весна Паунова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен Лист бр.83708 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец, на КП бр.2767, Викано место/улица Пекљане

40. Понуда од нотар Васил Кузмановски од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100574, за КО Охрид 4, на КП бр. 966/5 и 967/6, викано место/ улица Амбарџиица

41. Понуда од нотар Руждија Абдулаи од Дебар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100749, за КО Дебар 2, на КП бр. 8035, Викано место/улица Град

42. Кадровски прашања

43. Прашања и предлози

44. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефективност на мерките и активностите во функција на реализација на пренесените надлежности кои се финансираат со средства од блок дотации и Известувања за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај, подговени од Министерството за образование и наука и Министерството за финансии

45. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, во периодот април - јуни 2021 година

46. Предлог-одлука за изземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје и Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

47. Информација за раскинување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР)

48. Барање за добивање на согласност за висина на еднократен надоместок, со Предлог-одлука

49. Барање за добивање на согласност за најниска висина на еднократен надоместок (5G), со Предлог-одлука

50. Информација во врска со можноста за аплицирање за Климатскиот инвестициски фонд

*

*  *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

По повод укажувањето на министерот за локална самоуправа, м-р Горан Милевски, а во врска со проектите кои се финансираат преку ИПА-програмите во Република Северна Македонија, Владата заклучи:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го пролонгира рокот (25 август 2021 година) за достава на проектни идеи за ИПА проекти за 2021 и 2022 година и за истото да се дискутира на наредната седницата на Владата, за да се утврдат реални рокови.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и на наредната седница на Владата да достави информација во однос на сите проекти, во врска со средноорочното планирање, јавниот долг, проекти кои се финансираат преку меѓународни финансиски институции, ИПА проекти и проекти кои се финансираат од Буџетот и слично.

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 23 август 2021 година и предлог-протоколи и Предлог-план и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 23 август 2021 година.

2. Ги прифати Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија, за реализација на воспитно-образовниот процес, со физичко присуство на учениците, во учебната 2021/2022 година (Прилог број 18), Протоколот за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија, за реализација на воспитно-образовниот процес, со физичко присуство на учениците, во учебната 2021/2022 година (Прилог број 19) и Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта, во учебната 2021/2022 година (Прилог број 20).

3. Се дозволува организирање, присуство и учествување на спортски натпревари кои се одржуваат со присуство на гледачи (публика) и тоа:
- до максимум 50% исполнетост од вкупниот капацитет на отворениот спортски објект каде што се одржува натпреварот и
- до максимум 30 % исполнетост од вкупниот капацитет на затворениот спортски објект каде што се одржува натпреварот.

Натпреварите задолжително се организираат и одржуваат со почитување на растојанието помеѓу официјалните лица на екипите, како и на другите посетители (гледачи/публика) од најмалку 1,5 - 2 метри и на растојание од три седишта.

При организирање, присуство и учество на спортските натпревари (пионерски, кадетски, младински и професионални спортски натпревари), учесниците на спортските натпревари (спортисти, членови на стручни штабови на екипите, официјалните лица на спортските федерации и други службени лица), задолжително треба да поседуваат и приложат еден од следните документи:
- медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред одигрување на натпреварот, од страна на клубовите;

- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест КОВИД-19 или
- сертификат/потврда за прележан КОВИД-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

При присуство на спортските натпревари (пионерски, кадетски, младински и професионални спортски натпревари), сите други присутни лица/гледачи/публика, при влез во спортскиот објект каде што се одржува натпреварот задолжително поседуваат и приложуваат еден од следниве документи:
- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку една доза на вакцина против заразната болест КОВИД-19 или
- сертификат/потврда за прележан КОВИД-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

4. Во сите угостителски објекти и во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и во друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците и во други објекти кои во склоп на истите даваат угостителски услуги прием на посетители и гости и послужување во затворениот дел на објектите се дозволува до најмногу 30% исполнетост од капацитетот на просторот, а во отворените делови – тераси од угостителскиот објект до најмногу 50% исполнетост од капацитетот на просторот, како и служење пијалаци во внатрешноста на казината, обложувалниците и автомат клубовите.

Угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) можат да ја организираат работата како ресторани до најмногу 30% од капацитетот во затворениот дел од угостителскиот објект и до најмногу 50% од капацитетот на отворениот дел и да организираат свадби со присуство на музичари, согласно соодветниот наменски протокол само на отворените делови – тераси од угостителските објекти, до најмногу 50% исполнетост од капацитетот на просторот.

Исклучок се угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.

5. Се забранува организирање и одржување настани од областа на културата, како и други настани од секаков вид (семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции и слично), во затворениот дел на објектите над 30% исполнетост од капацитетот на просторот, а над 50% исполнетост од капацитетот на отворениот дел од просторот каде се одржуваат истите.

6. Се забранува влез во секаков вид на објекти од отворен и затворен тип, угостителските објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување

(хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, во угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и се забранува влез каде што се одржува настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции, културни или спортски настани), на посетители/гости/лица, без поседување и приложување на еден од следните документи:
- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку прва доза на вакцина против заразната болест КОВИД-19 и
- сертификат/потврда за прележан КОВИД-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

Наредена мерка задолжително се применува и за влез во затворениот дел од моловите на територијата на Република Северна Македонија.

7. Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на наредната седница на Комисијата да го разгледа делот од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена кој се однесува на строга изолација (карантин) за заболени лица од заразната болест КОВИД-19 и лица кои биле или се сомнева дека биле во непосреден контакт со лице заболено или инфицирано со заразната болест КОВИД-19, како и за членовите на потесното семејство од семејната заедница кои живеат заедно со заболени лица од заразната болест КОВИД-19 и на лица кои подолго време биле во близина, односно во контакт со лице заболено од заразната болест КОВИД-19, имајќи предвид дека Државниот санитарен и здравствен инспекторат постапува различно при издадавањето на решенија за упатување во изолација во случаите кога лицата поседуваат сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2 и сертификат/потврда за прележан КОВИД-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство утврдениот предлог да го достави на разгледување на наредната седница на Главниот координативен кризен штаб.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

# Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - прошетка на посетители во Националниот парк Галичица, со превозно средство – чамец (без мотор), во Свети Наум, со нов текст на спогодби и Предлог- одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-406/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. бр. 08-407/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-408/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-409/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-410/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-411/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-412/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-413/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-414/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-415/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-416/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

12. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-417/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

13. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-418/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

14. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-420/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

15. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-421/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

16. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица (бр. 08-422/2 од 13.8.2021 година), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог-одлуки за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Национален парк „Галичица“, прошетка на посетители со превозни средства АТВ-четириколки, со нов текст на спогодби, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје-Национален парк Галичица со бр. 08-396/2;

- Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје-Национален парк Галичица со бр. 08-397/2 и

- Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје-Национален парк Галичица со бр. 08-399/2, во предложените текстови.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје-Национален парк „Галичица", угостителска дејност на сплавови во Извориште кај Св.Наум, со текст на Спогодба и не ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица.

## Точка 5

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за обезбедување на службени возила за потребите на Регулаторната комисија за домување, за наредната седница на Владата.

## Точка 6

Владата го разгледа Барањето за обезбедување на службени деловни простории на Регулаторната комисија за домување, го прифати Барањето и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди простор за Регулаторната комисија за домување, согласно нивното барање.

Согласно ова, се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да достави до Владата одлука за давање на трајно користење на соодветниот простор.

## Точка 7

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (опрема), за првата седница на Владата по завршување на изборниот период, имајќи го предвид Решението за распишување избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.185/21).

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за реконструкција на силоси за жито Прилеп за наредната седница на Владата поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 9**

Владата по Годишната сметка, финансиски извештаи и Извештај за работењето за 2020 година на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје, со Извештај од независниот ревизор и Предлог-одлуки, заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

2. Го донесе најновиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата на:

- Министерството за транспорт и врски, Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје да посвети поголемо внимание во насока на унапредување на својата поштенска политика и остварување на планираните цели и активности, се со цел подобрување, унапредување и зголемување на квалитетот и квантитетот на поштенските услуги како негова основна дејност, а во корист на крајните корисници и
- Министерството за финансии, негативно, со оглед на негативниот финансиски резултат од работењето на друштвото во анализираниот период, а надлежните органи на друштвото да ја информираат Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по дадените забелешки и наоди на ревизорот имајќи го предвид Извештајот на независен ревизор во кој е дадено мислење со резерва.

**Точка 10**

Владата ја рагледа Информацијата со предлог-барање за задолжување на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, Министерството за одбрана и Министерството за транспорт и врски, за доставување на предлог до НАТО алијансата каде Давателот на воздухопловни навигациони услуги „М-НАВ" АД-Скопје да биде потенцијален кандидат за преземање на горниот воздушен простор на Косово со цел за давање на воздухопловни навигациони услуги, почнувајќи од 2024 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, Министерството за одбрана и Министерството за транспорт и врски да достават предлог до НАТО алијансата (директорот на Директоратот за воздухопловни способности при Управата за инвестирање во областа на одбраната на НАТО, Giorgio Cioni), М-НАВ АД - Скопје да биде потенцијален кандидат за преземање на горниот воздушен простор над Косово, почнувајќи од 2024 година, по што М-НАВ истиот во детали би го презентирал на следниот состанок на Групата за нормализација на балканската авијација (Balkan Aviation ormalization Group) во НАТО.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог- одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другиот сосопственик на деловниот простор, за првата седница на Владата што ќе се одржи по завршувањето на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.185/21).

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за кредитни барања кои ги исполнуваат и кои не ги исполнуваат критериумите за кредитирање по јавниот повик бр.1 за кредитна поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, ја усвои Информацијата и ја задолжи Развојната банка на Северна Македонија да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите за кредитирање по Јавниот повик бр.1 за кредитна поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми дадени во Прилог бр.1.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за акредитација и надоместоците за работа на надворешните оценувачи, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на финансиски средства за експропријација на недвижен имот во границите на споменикот Аквадукт во Скопје (најнов текст), ја усвои и ги задолжи Управата за заштита на културното наследство и Министерството за култура во соработка со Министерството за финансии да ја разгледаат можноста за обезбедување соодветни финансиски средства на Управата за заштита на културното наследство во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022, 2023 и 2024 година за

спроведување на постапката за експропријација на недвижен имот во границите на споменикот Аквадукт во Скопје согласно предложената динамика.

**Точка 15**

Владата го разгледа Деловниот и Финансискиот извештај за 2019 година на Здружението - Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово-Пласница, со статус на организација од јавен интерес и го усвои со следното укажување:

- Фондот за подобра иднина на Пласница и Прегово – Пласница да ја стави во функција својата веб-страница и согласно член 87 да го објави Деловниот и Финансискиот извештај за 2019 година, на истата.

**Точка 16**

Владата на барање на предлагачот го одложи разгледувањето на Статутот на Јавната установа Национален парк Шар Планина, со Предлог- одлука.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за ставање на вино во промет и извоз, произведено од винско грозје од берба 2020 година (нов текст), ја усвои и ги задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државниот инспекторат за земјоделство во рамки на нивните надлежности утврдени во Законот за виното да постапуваат по барањата од производителите на вино за ставање на вино во промет и барањата за извоз на вино произведено од грозје откупено од реколта 2020 за производство на вински дестилат или други производи од грозје и да ги издаваат соодветните решенија и пропратни документи за ставање на виното во промет и извоз на виното во согласност со одредбите од Законот за виното.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија на Меморандумот за разбирање за олеснување на патниот транспорт на стоки во регионот на Организацијата за црноморска економска соработка, со текст на Меморандум и Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пристапување на Република Северна Македонија на Меморандумот за разбирање за олеснување на патниот транспорт на стоки во регионот на Организацијата за црноморска економска соработка, која предлагачот треба да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Думановце“, Општина Липково, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална

суровина – варовник на локалитетот „Думановце“, Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Вила Парк - Струмица, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија да го извести барателот дека угостителскиот објект не ги исполнува условите за категоризација.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Голден Вју-Охрид, ја усвои Информацијата и заклучи:

- Се задолжува Министерството за економија да го извести барателот дека угостителскиот објект не ги исполнува условите за категоризација.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ема - Тетово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Ема - Тетово, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел - Куќа на уметноста, Кичево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел-Куќа на уметноста, Кичево, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр. 30 Кнежино, Кичево за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Македонија, Стар Дојран, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Квинс - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 16-1 Скопје, за хотел од втора категорија со (4) ѕвезди, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Ројал Л, Царев Двор – Ресен (со седиштe во Царев Двор бб - Ресен, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Премиер–Скопје (со седиште на ул.Јосиф Јосифовски – Свештарот бр.36- Скопје за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Турист–Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Турист–Охрид, со седиште на ул. Долно Конско бб - Охрид за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Вила Парк - Струмица, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Вила Парк – Струмица, со седиште на ул.Благој Јанков – Мучето бр.5 Струмица, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на мерење на индексот на дигитална економија и општество (digital economy and society index (DESI) во Република Северна Македонија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Државниот завод за статистика до крајот на 2021 година да се усогласи со ЕВРОСТАТ истражувањето за употреба на ИКТ во бизнисот и да ги усогласи своите годишни методологии и прашалници со ЕВРОСТАТ.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација до крајот на вториот квартал на 2022 година да аплицира за вклучување во Европскиот портал за податоци (European Data Portal - EDP) и во извештаите за зрелост на отворените податоци.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација до вклучувањето во Европскиот портал за податоци (European Data Portal - EDP) и во извештаите за зрелост на отворените податоци да ги собира потребните податоци и да го пресметува индикаторот за отворени податоци по истата Методологија.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за придобивките од членство на Република Северна Македонија во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation - BSEC) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за заштита на животната средина во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

2. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за банкарство и финансии во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата до Министерството за надворешни работи, да номинираат по еден член и по еден негов заменик за учество во работата на работната група за борба против криминал во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

4. Се задолжува Министерството за култура, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната

група за култура во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

5. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за здравствена заштита и фармација во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

6. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за информациски и комуникациски технологии во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

7. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за институционална обнова и добро управување во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

8. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за образование во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

9. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за наука и истражување во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

10. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за транспорт во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

11. Се задолжува Министерството за економија, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за трговија и економски развој во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

12. Се задолжува Министерството за економија, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за енергетика во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

13. Се задолжува Министерството за економија, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за мали и средни претпријатија во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

14. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за земјоделство во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

15. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за БСЕК-ЕУ соработка во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

16. Се задолжува Министерството за финансии – Царинска управа, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за црински работи во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

17. Се задолжуваат Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинираат по еден член и по еден негов заменик за учество во работата на работната група за помош во итни случаи во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

18. Се задолжува Државниот завод за статистика, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за размена на статистички податоци и економски информации во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

19. Се задолжува Министерството за економија, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата, до Министерството за надворешни работи, да номинира еден член и еден негов заменик за учество во работата на работната група за туризам во Организацијата за црноморска економска соработка (Black Sea Economic Cooperation – BSEC).

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Протоколот 16 на Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи, со текст на Протокол и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Протоколот 16 на Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи.

2. Го определи м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потшише Протоколот 16 на Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст Информацијата за потпишување на Конвенцијата на Совет на Европа за фалсификување на медицински производи и слични кривични дела што претставуваат закана за јавното здравје, со текст на Конвенција и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Конвенцијата на Совет на Европа за фалсификување на медицински производи и слични кривични дела што претставуваат закана за јавното здравје.

2. Се определува м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Конвенцијата на Совет на Европа за фалсификување на медицински производи и слични кривични дела што претставуваат закана за јавното здравје.

## Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата заклучи Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Природно–математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, да се разгледа на затворена седница на Владата.

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Извештај за релизирани активности за 2020 година во Национална стратегија за развој на концептот за „Едно општество за сите и интеркултурализам“ и Акцискиот план за спроведување за 2021-2022 година во рамки на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам, ја усвои Информацијата и го прифати

Акцискиот план за спроведување за 2021-2022 година во рамки на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа - Студентски дом на УЈИЕ во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот на КП бр.907 дел 1 со Имотен лист бр.486 за КО Визбегово и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Паунова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83708 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец, на КП бр.2767, викано место/улица Пекљане 13 А и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васил Кузмановски од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100574, за КО Охрид 4, на КП бр. 966/5 и 967/6, викано место/ улица Амбарџиица, и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Руждија Абдулаи од Дебар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100749, за КО Дебар 2, на КП бр. 8035/1, викано место/улица Град и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 42**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 43**

1. Владата го разгледа и прифати Известувањето на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје за поништување на Заклучокот од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3.4.2018 година, по Точка 3 и притоа заклучи:

- Да престане да важи Заклучокот од Шеесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.4.2018 година, по однос на Точка 3, Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), структурата по банки - учеснички, како и состојбата на салдото, со оглед дека Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје не е носител на активноста, како и дека материјалот не е веќе релевантен поради поминатото време.

2. Владата го разгледа Записникот од 34-та седница на Главниот штаб за управување со кризи, одржана на 23 август 2021 година и заклучи да се укине забраната за движење во шуми и шумските предели, за што е потребно надлежните институции согласно закон да подготват и донесат соодветен акт.

3. Владата на Анте Попоски му утврди престанок на правото за остварување плата по престанување на функцијата в.д. директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, заклучно со 2 август 2021 година, поради именување на друга функција.

4. Владата го разгледа и прифати Барањето од Државно правобранителство на Република Северна Македонија за измена на рок на заклучокот од Шеесет и третата седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 јуни 2020 година, точка 33 од Дневниот ред, во кој Државното правобранителство на Република Северна Македонија е задолжено, во соработка со Министерството за правда, да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на институционални капацитети на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите за период од 2016 година до 30 октомври 2019 година и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија и притоа заклучи, рокот да се измени и да биде во рок од 90 дена.

5. Владата го разгледа Барањето од Општина Крива Паланка за престанување на важењето на заклучоци од седници на Владата и притоа заклучи:

1) Да престане да важи Заклучокот од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4.7.2019 година, по однос на Точка 34, Информација за статусот на воспоставувањето на самоодржлив систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен Регион со оглед дека меѓурегионалното претпријатие за управување со отпад е формирано.

2) Да престане да важи Заклучокот од Сто и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5.2.2019 година, од причина што се потребни големи финансиски средства кои општината не може да ги обезбеди самостојно.

6. Владата по повод одбележувањето на државниот празник 8 Септември – Ден на независноста 2021 година - 30 години независност констатира и заклучи:

1) Организацискиот одбор за прослава на државниот празник 8 Септември - Ден на независноста е во следниот состав: Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Мухамет Зекири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Светлана Сиљаноска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за организација на настани.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Организацискиот одбор да ја преземе организацијата на централната прослава на 8.9.2021 година и да достави сценарио до Владата најдоцна до 26 август 2021 година.

На централниот настан му претходи положување на цвеќе од страна на владина делегација на гробиштата на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски со почеток во 08:00 часот.

Владината делегација која ќе положи цвеќе е во состав: Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Мила Царовска, министер за образование и наука.
Организацискиот одбор покрај сценарио треба да обезбеди и наратив, лого за одбележување на јубилејот, а сценариото да го достави до сите засегнати институции, за навремено да отпочнат со подготовки.

3) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Одделението за протокол при Владата на Република Северна Македонија да подготват покани за положувањето на цвеќе, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови вклучувајќи и обезбедување на соодветна опрема за положување на цвеќе.
4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 8 Септември -Ден на независноста на Република Северна Македонија според организацискиот план на Организацискиот одбор.

5) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и опрема за свечено положување свежо цвеќе на градските гробишта Бутел (пред вечните почивалишта на Киро Глигоров и Борис Трајковски).

6) Се задолжува Јавното претпријатие Национална радио-телевизија, на 8.9.2021 година да врши директен пренос од одбележувањето на 8 Септември - Ден на независноста, според деталното сценарио со саатнини кое ќе го добијат од Организацискиот одбор.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди заштитни средства за превенција од коронавирусот за настанот.

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали, техничка опрема, вода, говорница, знамиња и слично за одбележувањето на 8 Септември - Ден на независноста за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе на 8 септември - Ден на независноста како и да обезбеди цветно уредување на бината.

10) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за делегацијата и венци за положување цвеќе на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

11) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на 8 Септември - Ден на независноста.

12) Се укажува на ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за струја за централната прослава.

13) Се задолжува Акционерското друштво за погребни и придружни активности - Бутел, преку Министерството за транспорт и врски да ги исчисти гробните места на поранешните претседатели Борис Трајковски и Киро Глигоров, каде свечено ќе се положува цвеќе.

14) Се задолжува Министерството за здравство на 8.9.2021 година да обезбеди едно амбулантно возило на централната прослава на Владата според сценариото добиено од Организацискиот одбор.

15) Се препорачува на Град Скопје на 8.9.2021 година да обезбеди едно противпожарно возило за централната прослава на Владата според сценариото добиено од Организацискиот одбор.

7. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување

на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 14 август 2021 година до 20 август 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

8. Владата го разгледа Барањето од Државниот завод за статистика за ангажирање на лица кои по основ на договор на дело работат во органите на државната управа и во другите тела каде што Владата има надлежност и заклучи:

- Се задолжуваат сите министерства и органите на државната управа, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, во соработка со Државниот завод за статистика, во рамките на своите можности да ги стават на располагање времено ангажирани лица (со договор на дело) за потребите на Државниот завод за статистика за спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година.

9. Владата по Извештајот за настанати пожари за период од 1.1.2021 година до 15.8.2021 година, под број 11-616/3 од 24 август 2021 година, ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви програма за пошумување, со конкретен финансиски план и истата да ја достави до Владата, со цел пошумувањето да отпочне во есенскиот период.

2) Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје да спроведе акција за чистење на опожарените шумски подрачја настанати во летниот период и добиената количина на изгорена дрвна маса, што ќе се добие од процесот на чистење, да остане исклучиво во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје.

10. Владата го разгледа Барањето за обезбедување на патнички возила за потребите на Државната изборна комисија и заклучи да ја извести Државната изборна комисија дека Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија нема можност да обезбеди за подолг рок 10 патнички возила за наредниот изборен процес, при што Владата останува на располагање за обезбедување возила за Државната изборна комисија како и до сега во претходните изборни циклуси.

## Точка 44

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Ефективност на мерките и активностите во функција на реализација на пренесените надлежности кои се финансираат со средства од блок дотации“ и Известувањата за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај, подговени од Министерството за образование и наука и Министерството за финансии, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за локална самоуправа во соработка со Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и Министерството за труд и социјална политика да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефективност на мерките и активностите во функција на реализација на пренесените надлежности кои се финансираат со средства од блок дотации“ и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 45

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија во периодот април - јуни 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 46

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за изземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје и Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и условно ја донесе Одлуката за изземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со заклучок предлагачот да изврши номотехничко усогласување на текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да се разгледа на наредната седница на Владата, откако ќе се реализира Одлуката за изземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за раскинување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Владата заклучи еднострано да го раскине Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како партнерство за формирање на савремена модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликолтерски услуги за пребарување и спасување (САР) .

2. Се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да достави известување за еднострано раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како партнерство за формирање на современа модернаораганизација- платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (КЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР) до САРХЕМС ДОО Скопје поради неможност на извршување на обврските од Договорот поради виша сила (пандемија на коронавирусот - COVID 19) согласно одредбите од Договорот и важечките законски прописи во Република Северна Македонија.

**Точка 48**

Владата го разгледа Барањето за добивање на согласност за висина на еднократен надоместок, со Предлог-одлука и заклучи:

- Се препорачува на директорот на Агенцијата за електронски комуникации да донесе и до Владата да достави нова одлука за утврдување на висината на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 1965-1980/2155-2170 MHz, 1930-1935/2120-2121 MHz и 1945-1950/2135-2140 MHz, на целата територија на Република Северна Македонија, без можност за плаќање на надоместот на рати, како и нова Предлог- одлука за давање согласност на истата од страна на Владата.

**Точка 49**

Владата по Барањето за добивање на согласност за најниска висина на еднократен надоместок (5G), со Предлог-одлука заклучи:

1. Донесе Одлука за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz., бр.40-7556/1 од 27 јули 2021 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" 172/21.

2. Се препорачува на директорот на Агенцијата за електронски комуникации да донесе и до Владата да достави нова одлука за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz., без можност за плаќање на надоместот на рати, како и нова Предлог- одлука за давање согласност на истата од страна на Владата.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста за аплицирање за Климатскиот инвестициски фонд и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:
- Се задолжува Министерството за економија во име на Владата на Република Северна Македонија да ја пополни апликацијата за изразување на интерес за учество во Програмата за интеграција на обновливи извори на енергија и за учество во Програмата за забрзување на транзицијата од јаглен, кај Климатскиот инвестициски фонд.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |